**ПРЕДЛОГ**

"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" АД СКОПЈЕ

Согласно член 378 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје на ден 19.04.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за престанок на мандат и избор на членови на Надзорен одбор на "Македонијатурист" АД Скопје

**Член 1**

На членовите на Надзорен одбор на "Македонијатурист" АД Скопје, во состав:

- Г-а Верица Хаџи Василева – Марковска, претседател
- Г-ин Тито Беличанец, член
- Г-ин Ванчо Узунов, член
- Г-ин Васил Поповски, член
- Г-ин Григор Копров, член

им престанува мандатот поради истекот на времето за коешто се избрани.

**Член 2**

За членови на Надзорен одбор на "Македонијатурист" АД Скопје се избираат:

- Г-ин Доне Таневски
- Г-а Верица Хаџи Василева – Марковска
- Г-ин Владо Богдановски
- Г-ин Ѓорѓи Јанчевски

**Член 3**

За независни членови на Надзорниот одбор се назначуваат:

- Г-а Верица Хаџи Василева – Марковска
- Г-ин Ѓорѓи Јанчевски

**Член 4**

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 6 (шест) години.

**Член 5**

За членовите на Надзорниот одбор се определува месечен паушал во висина од:

- За претседателот на Надзорниот одбор 2 (две) просечни месечни нето плати исплатени во Друштвото во последните 3 (три) месеци.

- За членовите на Надзорниот одбор, по 1 (една) просечна месечна нето плата исплатена во Друштвото во последните 3 (три) месеци.

- За независните членови 90% од просечната месечна нето плата исплатена во Друштвото во последните 3 (три) месеци.

**Член 6**

Да се изврши упис на избраните членови на Надзорен одбор на "Македонијатурист" АД Скопје во трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Македонија.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

На членовите на Надзорен одбор на "Македонијатурист" АД Скопје, избрани со Одлука бр. 02-1711/9 од 19.04.2017 година, донесена од Собранието на акционери на Друштвото, им престанува мандатот поради истекот на времето за коешто се избрани.

Имајќи го во предвид дадениот предлог за избор на членови на Надзорен одбор, како и избор на независни членови на Надзорен одбор, се донесе Одлука како во диспозитивот.

Претседавач на Собрание,

____________________